ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

**Скопје, ноември 2011 година**

Врз основа на член 9 став 1 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на РМ“ бр. 66/10 и 145/10) и член 53 од Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија бр 01-640/2 од 27.11.2010 година, главниот државен ревизор донесе,

## ГОДИШНА ПРОГРАМА

**за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година**

1. Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година, број 01-671/1 од 27.12.2010 година, бр.01-409/1 од 24.03.2011 година и бр. 01-409/2 од 01.09 2011 година, Преглед на планирани ревизии за 2011 година, Прилог 1 – 01 Ревизии на финансиски извештаи и ревизии на усогласеност, во Дел II по редниот број „63“ се додава нов реден број „64“ и гласи:
2.

| ИК | Ред. бр. во Годишна програма | Ред. бр. во класата | **О П И С** | **Место** |
|---|---|---|---|---|
| **13** | 64 | 1 | Совет за радиодифузија на Република Македонија | Скопје |

3. Во Прегледот на планирани ревизии за 2011 година, Прилог 1 – 02 Ревизии на успешност, редниот број „65 – Субвенции и трансфери – критериуми и доделување“ се брише.

4. Во Прегледот на правни субјекти кај кои ќе се изврши државна ревизија, Прилог 1 – 01 и Прилог 1 – 02 , редните броеви, соодветно се менуваат.

5. Изменувањата од точка 1, соодветно се применуваат и на Прегледот на правните субјекти содржан во Акциониот план за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година.

6. Изменувањето и дополнувањето на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година стапува во сила со денот на донесувањето.

Главен државен ревизор,

м-р Тања Таневска

Број 01-409/3

Скопје, 22.11.2011 година